**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

**Предмет: Дневен извештај на Агенцијата за 9-ти октомври 2017г.**

Бр. 03-4403/1

Скопје 09.10.2017г.

Почитувани,

Врз основа на обврските од член 76-в став 2 од Изборниот законик, а во согласност со Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува петнаесеттиот дневен извештај за 9-ти октомври 2017 година.

Во денешниот извештај Ве информираме за поднесените прекршочни постапки од страна на Агенцијата за констатираните прекршувања на Изборниот законик.

За две (против ТВ Нова и против ТВ 24 Вести) од трите прекршочни постапки покренати против три радиодифузери (ТВ Нова, ТВ 24 Вести и ТВ Алсат-М), на 4 и на 5 октомври 2017 година, надлежниот суд закажа рочишта наредниот ден од поднесувањето на барањата од страна на Агенцијата и донесе одлуки на самите рочишта. За постапката против ТВ Алсат-М се уште немаме покана.

Прекршочните постапки за другите две прекршувања за кои ве известивме во претходните извештаи се покренати на 7 октомври (ТВ Стар) и на 9 октомври 2017 година (ТВ 21).

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

директор

............................................

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ


Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Палата Панко Брашнаров
ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.mk
contact@avmu.mk



МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009